# ДОДАТОК XIV

# НЕТЕХНИЧКИ ПРЕГЛЕД

**Друштво за производство, земјоделие, трговија и услуги “ФРЕШ ФАРМ” ДОО увоз- извоз, Мршевци, Илинден**

**Барање за добивање на А интегрирана еколошка дозвола**

**ДОДАТОК XIV**

## НЕТЕХНИЧКИ ПРЕГЛЕД

## СОДРЖИНА


XIV.1. Општи податоци за инсталацијата ..... 3

XIV.2. Опис на инсталацијата, нејзините технички делови и директно поврзани активности 3

XIV.2.1. Технолошки процеси ..... 4

XIV.2.2. Инсталирана опрема ..... 4

XIV.2.3. Водоснабдување ..... 5

XIV.2.4. Отпадни води ..... 5

XIV.3. Управување и контрола на инсталацијата ..... 5

XIV.4. Суровини и помошни материјали, други супстанции и енергии употребени или произведени во инсталацијата ..... 6

XIV.5. Ракување со материјалите ..... 6

XIV.6. Емисии ..... 7

XIV.7. Состојби на локацијата и влијанието на активноста ..... 8

XIV.8. Опис на технологиите и другите техники за спречување или доколку тоа не е можно намалување на емисиите на загадувачките материи ..... 9

XIV.9. Места на мониторинг и земање на примероци ..... 10

XIV.10. Еколошки аспекти и најдобри достапни техники ..... 11

XIV.11. Програма за подобрување ..... 11

XIV.12. Опис на други планирани превентивни мерки ..... 11

XIV.13. Ремедијација, престанок со работа, повторно започнување со работа и грижа по престанок на активностите ..... 12

## XIV.1. Општи податоци за инсталацијата

Друштво за производство, земјоделие, трговија и услуги “ФРЕШ ФАРМ” ДОО увоз-извоз Мршевци, Илинден е регистрирано како приватно претпријатие со приоритетна дејност одгледување на живина и производството на свежи јајца за конзумација во живинарската фарма „Фреш Фарм“ ДОО.

Живинарската фарма „Фреш Фарм“ ДОО е лоцирана во Општина Илинден, односно Скопски плански регион. Операторот ја врши дејноста одгледување на живина и производството на свежи јајца во КО Мршевци на КП 658/1 во Општината. Локацијата на живинарската фарма се наоѓа речиси на средина помеѓу населеното место Ајватовци (на оддалеченост од околу 1,75 km од локацијата) и населено место Мршевци (на оддалеченост од околу 1,80 km).

Живинарската фарма има проектиран капацитет за одгледување на 32.448 пилиња и 52.992 кокошки несилки со просечна дневна носивост на 45.043 конзумни јајца. Во живинарската фарма се вработени вкупно 13 лица кои работат во една смена, 8 часа на ден (07-14h), 6 дена во неделата (понеделник – сабота).

Согласно национално законодавство, инсталацијата Фреш Фарм ДОО, припаѓа во инсталации за кои е потребно добивање на А Интегрирана Еколошка Дозвола (А ИЕД). Затоа, Операторот подготви Барање за добивање на А – интегрираната еколошка дозвола.

Сите објекти и опремата вклучена во технолошкиот процес се земени во предвид при анализа на главните суровини, хемикалии, создавањето на отпад, потенцијалните емисии во воздух, вода, почва при подготовка на ова Барање за добивање на А – интегрираната еколошка дозвола.

Сите аспекти од работењето на живинарската фарма, се опфатени во Додатоци (Додаток I до XIV) кои во себе ги содржат и соодветните скици/шеми на поставеност на објектите и опремата, технички карактеристики на користената опрема и слично.

## XIV.2. Опис на инсталацијата, нејзините технички делови и директно поврзани активности

Живинарската фарма се наоѓа во Општина Илинден, КО Мршевци, во местото викано Рамниште. На север граничи со локален пат кој ги поврзува населените места Мршевци и Ајватовци, додека од сите останати страни се граничи со земјоделски површини.

Живинарската фарма се состои од вкупно 6 објекти, од кои три служат за одгледување на живината (еден за одгледување за пилиња и два за одгледување на кокошки несилки). Сортирање и пакување на јајца се врши во магацин за сортирање и пакување. Останатите објекти, вклучувајќи ги мелницата за подготовка на храна за живината, административен објект за вработените, како и останатиот дел од магацините (меѓусебно поврзани и дел од еден ист објект) претставуваат споредни услужни објекти на производството во однос на складирање на суровини и готов производ, одржување на опремата итн. Покрај наведените објекти, во рамките на живинарската фарма спаѓаат и следните објекти/опрема: камионска вага и техничка просторија за камионска вага; агрегат; трафостаница; пречистителна станица за третман на санитарни води; бунар и силоси.

### XIV.2.1. Технолошки процеси

Технолошкиот процес одгледување на живина и на производство на јајца во живинарската фарма “Фреш Фарм” се спроведува во вкупно пет објекти (без административниот простор), минувајќи низ четири главни технолошки процеси и уште многу дополнителни помошни операции на производство. Во главни процеси спаѓаат:

- Одгледување на пилиња;
- Одгледување на кокошки несилки;
- Подготовка на храна за живината и
- Сортирање и пакување на јајца.

Одгледувањето на пилињата започнува од еднодневни пилиња обезбедени од репроцентар, па се до нивната 16-та недела. По достигнување на 16 недели старост, пилињата се преместуваат во двете одгледувалишта за кокошки несилки.

Како помошни процеси на производството се вбројуваат:

- Пречистување на отпадни фекални води;
- Загревање на одгледувалиштето за пилиња;
- Замрзнување на угинати животни и
- Суво чистење на објектите.

Во Додаток II на Барањето е дадена шема на технолошкиот процес и опис на сите процеси кои се одвиваат во рамки на Инсталацијата.

### XIV.2.2. Инсталирана опрема

Во секој објект на инсталацијата е инсталирана современа опрема за управување со сите главни и помошни процеси.

За одгледување на пилињата е избран кафезен систем тип AV 1200, а за одгледување на несилките е избран кафезен систем тип AV 1500 од производителот GENÇ GÖZDE TARIM MAKİNALARI SAN.ve TİC.LTD. ŞTİ од Турција. Ваквиот тип на одгледување на живина е широко распространет во земјите на ЕУ, како еден од најдобрите начини за производство и за отстранување на нус-продуктите, со најголем акцент на живинскиот отпад – екскретот.

Во одгледувалиштата за живина се сместени кафезните системи, а инсталирани се и систем за хранење со синџири и систем за напојување поилки со нипли, силоси за храна, транспортен систем за изѓубрување, систем за вентилација и ладење, како и лед систем за осветлување. Главните процесни параметри се следат преку автоматски контролен панел. Во секое одгледувалиште, има автоматски контролен систем на сензори за температура, влажност во објектот и алармен систем. Хранењето и изѓубрувањето е автоматско, преку електрична контрола табла со автоматско подесување.

Со дефинираната технологија на одгледување, кокошките несилки остануваат во објектите во просек од 12-14 месеци, а после овој период ќе се врши иселување (промена) на јатото, поради економска оправданост за нивно понатамошно одгледување (се троши скоро иста количина на храна, а процентот на несење јајца опаѓа). По иселувањето амортизираните несилки ќе се предаваат во кланица со која Фреш Фарм има склучено договор за услужно колење на истите.

Во одгледувалиштето за пилиња се поставени три генератори на топол воздух за загревање на објектот (во текот на 20 дена во зимскиот период), кои како гориво користат дизел.

Во рамките на мелницата за храна, поставен е систем на силоси опремен со лифт за подигање со кула. Овој систем се состои од 5 силоси за складирање на житарици, од каде, со помош на воспоставениот транспортен систем, житариците се транспортираат во мелница за храна. Во мелницата (млинот) се врши подготовка на храната, односно мешање на компонентите по соодветна рецептура. Мешањето на компонентите е автоматско преку команден систем. Распределбата на храната од мелницата до силосите пред секое одгледувалиште, се врши преку систем со храноводи.

Угинатата живина времено се складира времено во комора за длабоко замрзнување, се до преземање од овластена компанија која има дозвола за собирање и транспорт на овој тип на отпад.

Во техничката просторија за сортирање и пакување, јајцата се сортираат автоматски со помош на машина во класи според тежина и квалитет. Машината врши пакување на јајцата со печатен код во стандардни влошки од по 30 јајца. Влошките со јајца се пакуваат во картонски кутии, како збирно пакување, од по 360 јајца (пакување во влошки по 30 или 10). За одржлив квалитет на јајцата неопходно е секојдневно собирање и привремено складирање на контролирана температура и влажност.

Загревањето на административниот објект е со топлинска пумпа за подно греење и ладење.

По завршување на секој турнус, одлагалиштата во живинарската фарма се чистат со машина на суво чистење. Операторот, ќе направи План за редовно одржување на опремата.

Техничките карактеристики на инсталираната опрема, слики и скици од истата и нејзината поставеност се дадени во Додаток II на Барањето.

### XIV.2.3. Водоснабдување

Живинарската фарма е приклучена на јавна водоводна мрежа. За нормално функционирање на инсталацијата, се обезбедува вода од сопствен бунар. Експлоатацијата на подземна вода се врши со длабинска потопна пумпа.

Водата од бунарот се употребува за потребите за исхрана за живината и за санитарни потреби на вработениот персонал. Вода за пиење на вработените се обезбедува преку набавка на флаширана вода.

### XIV.2.4. Отпадни води

Имајќи во предвид дека во технолошкиот процес, не се користи вода, освен за пиење на живината, нема генерирање на отпадни води од процесот. Се генерираат само санитарни отпадни води, кои се пречистуваат во ПСОВ, инсталирана на локацијата и се реупотребуваат за полевање на зеленилото во рамки на инсталацијата.

## XIV.3. Управување и контрола на инсталацијата

Со систематизацијата донесена во рамки на живинарската фарма, на чело на инсталацијата е Управител. Во надлежност на управителот се прашањата поврзани со

целокупното функционирање на живинарската фарма на Фреш Фарм. Заради обемот на работата и поврзаните активности во живинарската фарма, оперативноста на живинарската фарма управителот ја следи преку своите вработени и тоа: менаџер за производство кој е одговорен за технолошкиот процес на производство, менаџер за продажба кој раководи со активностите за продажба и дистрибуција на готов производ (јајца), како и овластен сметководител.

Менаџерот за производство раководи со технолошкиот процес на производство и е одговорен за функционирање на одгледувалиштата. Се грижи за обезбедување на безбедни и здрави услови за живината и оптимизирање на потрошувачката на суровини со производството на јајца.

Основна одговорност на менаџерот за продажба се прашањата поврзани со планирање и управување со продажбата на јајца преку следење на производството и количините на спакувани и класирани јајца. Менаџерот за продажба е одговорен и за пласирање на производот на пазарот и негова дистрибуција до крајните потрошувачи.

Вработените во Фреш Фарм имаат соодветни квалификации, искуство и обука за извршување на своите задачи и функции.

### XIV.4. Суровини и помошни материјали, други супстанции и енергии употребени или произведени во инсталацијата

Во процесот на одгледување на живина и производство на јајца во „Фреш Фарм“ се користат различни суровини, помошни материјали и енергенси.

Процесни суровини кои се користат во технолошкиот процес се храна, вода и еднодневни пилиња. Енергенси кои се користат во инсталацијата се електричната енергија за функционирање на опремата и дизел гориво за загревање на одгледувалиштето за пилиња. Како дополнителни суровини и помошни материјали се вбројуваат: амбалажи за пакување на готов производ, детергенти и дезинфикатори, масти и масла за сервисирање на опремата и вода за санитарни потреби на вработените.

Карактеристиките за секоја суровина и годишна количина на употреба се дадени во Табелите IV.1.1 и IV1.2. на Образецот од ова Барање.

### XIV.5. Ракување со материјалите

За одгледување на пилиња и кокошки несилки во живинарската фарма “Фреш Фарм” се користат суровини кои е неопходно да бидат постојано на залиха и складирани во соодветен простор во зависност од нивните карактеристики.

Суровините (пченка, сончогледово ќуспе и соја) наменети за исхрана се набавуваат рефус во камиони од локалните земјоделци. Потоа се истураат во инка и со помош на лифтот за подигање се сместуваат во силоси (пет) поставени до мелницата, каде привремено се складираат. Сточната креда и премиксот се набавуваат во џамбо вреќи и складираат во млинот на палети, додека сончогледовото масло се набавува во пластични резервоари до 1.000 l и се складира на ист начин како и кредата и премиксот.

Магацинските простории (за амбалажа, готов производ и испорака) се користат за складирање на: суровини, готов производ, резервни делови и масти и масла. Сите три магацини се меѓусебно поврзани со внатрешни врати што овозможува нивна непречена

интерна комуникација. Помеѓу магацинот за амбалажа и магацинот за готов производ се наоѓа просторијата за сортирање и пакување на јајца, а во северниот дел од магацинот за испорака на готов производ е лоциран пред простор за испорака.

Амбалажата за пакување на јајца се чува во магацинот за амбалажа и репроматеријали. Останатите помошни суровини како детергенти, дезинфикатори и масла и масти за подмачкување на опремата се чуваат на посебно означени места во истиот магацин , при што се води сметка да не го загрозуваат здравјето на живината и вработените. Готовиот производ (конзумно јајце) во соодветно пакување се складира во магацинот за готов производ.

Дизел горивото се чува во посебен метален резервоар поставен до одгледувалиштето за пилиња и ќе се користи за загревање на одгледувалиштето за пилиња.

Со цел интегрирано управување со отпадот кој се создава во рамките на инсталацијата согласно националното законодавство и најдобрите практики компанијата ги има преземено следните активности:

- Редовна селекција на отпадот на местото на создавање по фракции и привремено складирање на секоја фракција до нејзино финално одлагање;
- Има склучено договори за преземање на секоја фракција на отпад која се создава во рамките на инсталацијата со лиценцирани компании за преземање на соодветниот тип на отпад;
- Поставување на садови за различните типови на отпад на соодветни локации во рамките на инсталацијата и нивно означување со шифра на отпад;
- Превенција на создавање на отпад, вршејќи редовни обуки на вработените;
- Соодветно означување на пластичните контејнери за ветеринарен отпад (опасен отпад);
- Редовно изѓубрување, преку соодветно отстранување на екскретот од живината, предавање и транспортирање до биогасната централа во Градско со која Операторот има склучено Договор за преземање на 15 години;
- На самата локација не се врши искористување на сопствениот отпад.

Во рамки на работењето на живинарската фарма „Фреш Фарм“ не се очекува генерирање на опасен отпад, освен амбалажата од пакувањето на дезинфикаторите и масти и масла, како и при инцидентни истекувања на дизел горивото кое се користи како гориво за генераторите на топол воздух.

### XIV.6. Емисии

Врз основа на деталниот преглед на сите процеси и активности на локацијата, технолошката шема, податоците за материјалите, обемот на производството и производната пракса, направен е попис на сите емисии од „Фреш Фарм“ Доо Мршевци, Илинден. Како резултат на технолошките процеси кои се одвиваат во живинарската фарма “Фреш Фарм” се очекуваат потенцијални емисии во воздух и емисии на бучава.

Емисиите во воздухот се фугитивни и истите потекнуваат од производите активности на компанијата и тоа при:

- доставувањето, складирањето и транспортот на храната со возила кои се мобилни извори,
- вселувањето и иселувањето на јатата,

- собирањето и складирањето на угинати птици,
- суво чистење на објектите на одгледувалиштата (на крајот на секој турнус).

Во фугитивни емисии од процесите на интензивно живинарство спаѓаат:

- емисии од системот за вентилација од објектите за одгледување на пилиња и кокошки несилки,
- загревањето на одгледувалиштето за пилиња,
- собирањето, транспортот на екскретот.

Фугитивни емисии на прашина, јаглерод диоксид, јаглерод моноксид, амонијак и сулфур водород, се очекуваат од вентилациониот систем на секое од одгледувалиштата за пилиња и кокошки несилки како резултат на процесот на одгледување на живина.

Системот за загревање на одгледувалиштето за пилиња вклучува три генератори на топол воздух (т.н. тајфуни), кои ќе функционираат само во зимскиот период кога температурите на амбиентниот воздух се многу ниски (околу 20-тина дена). Генераторите како погонско гориво користат дизел гориво и работат на принцип на внатрешно согорување на дизелот. Како резултат на согорувањето, се создаваат дифузни емисии на загадувачки супстанции (NOx, CO и CO2, SO2, суспендирани честички PM10), кои се испуштаат преку системот за вентилација кој служи за испуст на воздух од објектот на одгледувалиштето за пилиња. Поради честите измени на воздухот во одгледувалиштето, емисиите на загадувачки материи ќе бидат незначителни и нема да претставуваат закана за здравјето и благосостојбата на живината.

При полнење на силосите со храна настанува краткотрајна појава на мали количини фугитивни емисии на прашина. Имајќи ја во предвид локацијата на живинарската фарма и типот на новата современа опрема, овие емисии на прашина се незначителни.

Операторот предлага фугитивните емисии да се следат на **3 емисиони точки** на **вентилациониот испуст од одгледувалиштето за пилиња (АА1)** и **на секој од двата вентилациони испусти од одгледувалиштата за кокошки несилки (АА2 и АА3)**.

„Фреш Фарм“ обезбедува вода од сопствен експлоатационен бунар, која се користи за поење на живината и за санитарни потреби на вработените. Отпадни води се генерираат само како санитарни отпадни води од вработените, а се пречистуваат во пречистителна станица. **На излез на пречистителната станица за отпадни санитарни води (емисиона точка АПВ1),** се предлага да се врши контрола на квалитетот на отпадните води за потоа да се реупотребуваат за полевање на зеленилото во рамки на инсталацијата.

### XIV.7. Состојби на локацијата и влијанието на активноста

“Фреш Фарм” поставува одржливост во своето работење со минимизирање на влијанијата врз животната средина. Со сувото чистење на крај на секој турнус и континуирано собирање на екскретот и негово транспортирање до биогасната централа во Градско (2 пати неделно), негативните влијанија од изѓубрувањето врз квалитетот на воздухот и почвите значително ќе бидат минимизирани.

Во живинарската фарма се користи современа опрема и автоматизиран систем за следење на параметрите, како и вентилационен систем со висока ефикасност во секое одгледувалиште.

Операторот врши редовно отстранување на екскретот, редовни проверки на исправноста и одржување на вентилационите системи, редовно одржување и чистење на генераторите на топол воздух и проверка на резервоарот за гориво, што придонесува за минимизирање на емисиите на загадувачки материи во воздухот.

Од активностите на Фреш Фарм, при нормални оперативни процеси (правилно управување со генерираниот екскрет, правилно работење на ПСОВ и зафаќање на инцидентни излевања на дизел гориво од резервоарот) не се очекуваат емисии во почвата и во подземни води.

Технолошкиот процес на живинарската фарма не резултира со емисии во површински води, ниту пак со значителни емисии на бучава надвор од дозволените граници за подрачје од III степен на заштита од бучава.

## XIV.8. Опис на технологиите и другите техники за спречување или доколку тоа не е можно намалување на емисиите на загадувачките материи

Инсталираната опрема за одгледување на живина и производство на јајца е дизајнирана како нова современа технологија согласно најдобрите достапни техники за минимизирање на емисиите врз животната средина.

Преземените мерки за сведување на минимум на влијанијата во воздух се однесуваат на:

- Системите за ладење и комби-тунелска вентилација на објектите, како и загревањето на одгледувалиштето за пилиња, се димензионирани така да ги обезбедат потребните услови за благосостојба на живината, притоа обезбедувајќи циркулација и размена на воздухот во одгледувалиштата, соодветна температура, притисок и релативна влажност;
- Се врши редовна контрола на оперативноста на системите за вентилација и процесната опрема;
- Системот за изѓубрување е комплетно автоматизиран и се вршат редовни проверки на неговото функционирање, но и на функционирањето на целокупната опрема во рамки на живинарската фарма;
- Складирањето на суровините и помошните материјали се врши во согласност со пропишаните процедури, постапките се редовно контролирани и времето на складирање е во согласност со барањата на производниот процес;
- Редовен мониторинг на загадувачки материи на вентилационите испусти како главни фугитивни емисии од процесите на интензивно живинарство.

Во инсталацијата се преземени мерки за минимизирање на влијанијата врз животната средина од отпадните санитарни води преку изградба на ПСОВ за урбани отпадни води од вработените, редовно одржување на нејзината функционалност и редовен мониторинг на параметрите на излез од истата.

Преземени мерки од страна на Операторот, кои се однесуваат на управувањето со отпад (главно селекција, привремено соодветно складирање и преземање од соодветни постапувачи) заедно со сите дополнителни мерки кои тука не се спомената, а се однесуваат на намалување на емисиите на загадувачки материи во останатите медиуми, се наведени детално во Додаток VII на Барањето за добивање на А ИЕД.

Преку низата преземени мерки за заштита на секој медиум на животната средина, индиректно се спречуваат и минимизираат и влијанијата врз останатите медиуми.

### XIV.9. Места на мониторинг и земање на примероци

Инсталацијата е нова и досега не е вршен мониторинг на загадувачки материи на идентификуваните емисиони точки.

Како резултат на технолошкиот процес во живинарската фарма на Фреш Фарм идентификувани се 3 емисиони точки во воздух (испуст од вентилацијата на одгледувалиштата) кои се предложени за **мониторинг точки (ММ1, ММ2 и ММ3) преку кои ќе се следат емисиите во воздухот на излез од вентилационите испусти на секој од објектите – одгледувалишта за живина**.

Идентификуваните мониторинг точки, ќе се следат два пати годишно односно согласно условите кои ќе бидат дефинирани во добиената А ИЕД. Фреквенцијата на мониторинг на емисии на загадувачки материи во воздух за предложените мониторинг точки е определена во согласност со Законот за квалитет на амбиенталниот воздух и подзаконските акти.

Предлог параметрите кои треба да се следат ($PM_{10}$, $NH_3$, $H_2S$) се одредени во согласност со национално законодавство. Истите се наведени во Табела 2 на Додаток IX од Барањето за добивање на А ИЕД, заедно со координати на секоја предложена мониторинг точка за следење на емисии во воздух.

На излез од пречистителната станица е предвидено да се врши мониторинг на квалитетот на пречистените фекални води на предложена мониторинг точка **МПВ1**.

Мониторингот на отпадни санитарни води по третман во ПСОВ, опфаќа следење на: pH, суспендирани честички, $БПК_5$, ХПК, растворен кислород, сув филтриран остаток, стрептококи кои потекнуваат од фекалии и Escherichia coli.

Резултатите од мониторинг тестирањата на отпадните води на излез од пречистителната станица, кои ќе ги спроведува акредитирана лабораторија, ќе се споредуваат со Правилник за условите, начинот и граничните вредности на емисија за испуштањето на отпадните води по нивното прочистување, начинот на нивно прочистување, начинот на нивно пресметување, имајќи ги во предвид посебните барања за заштита на заштитните зони (Сл. Весник на РМ бр. 81/11).

Операторот предлага Фреш Фарм да врши мониторинг на квалитетот на пречистените отпадни води на излез од ПСОВ, со зачестеност два пати годишно на МПВ1 согласно Табела 2 од Правилникот за условите, начинот и граничните вредности на емисија за испуштање на отпадни води по нивното прочистување, начинот на нивно пресметување, имајќи ги во предвид посебните барања за заштита на заштитните зони (Службен весник на РМ бр. 81/11).

Мониторинг на емисиите на бучава во животната средина ќе се врши еднаш годишно на четири мониторинг места на границите на инсталацијата, земајќи ги во предвид граничните вредности за подрачје од III степен за заштита од бучава. Мерењата ќе се вршат од страна на акредитирана лабораторија со соодветна опрема и метода за таа намена.

Шематски приказ на секоја мониторинг точка е даден во Прилозите на Додаток IX на Барањето.

**XIV.10.Еколошки аспекти и најдобри достапни техники**

При идентификувањето на најдобри достапни техники за работењето на „Фреш Фарм“ Доо увоз- извоз, Мршевци, Илинден, земени се во предвид начинот на одгледување на живината вклучувајќи го и хранењето, локацијата на живинарската фарма и локалните еколошки услови, генерирањето на екскрет и постапувањето со истиот.

Инсталацијата ги идентификува еколошките аспекти и начела за заштита на животната средина во согласност со најдобри достапни техники во инсталации за интензивно одгледување на живина и свињи во референтниот документ за најдобри достапни техники (Best Available Techniques (BAT) Reference Document for the Intensive Rearing of Poultry or Pigs, JRC Science for Policy Report, 2017, European Commission).

Најзначајните еколошки аспекти од работењето на инсталацијата се: генералното управување со животната средина, управување со исхраната, контрола на производството, енергетската ефикасност, емисии во воздух (миризба од складирање на цврсто ѓубриво), ефикасно користење на води, емисии во води и почва, управување со екскрет од живина.

**XIV.11. Програма за подобрување**

Друштво за производство, земјоделие, трговија и услуги „Фреш Фарм“ Доо увоз – извоз Мршевци, Илинден е одговорна компанија чија примарна цел е постојано да работи во насока на заштита на животната средина, безбедноста на работниците и околното население и да планира активности кои ќе ги унапредат нејзините еколошки перформанси.

Во насока на исполнување на горенаведените цели подготви предлог Програма за подобрување на животната средина која ги опфаќа следните активности:

- Инсталирање на 99,68 kW фотоволтаична централа за потребите на живинарската фарма;
- Инсталација на собирен сад за собирање на евентуални истекувања на дизел гориво од резервоарот во случај на инцидент;
- Подготовка и имплементација на Политика за заштита на животната средина;
- Воведување и имплементација на HACCP систем.

Сите планирани активности инсталацијата планира да ги спроведе во следните неколку години со цел да постигне подобрување на состојбата со животната средина и заштита на сите медиуми на животната средина, намалување и елиминирање на потенцијалните емисии.

**XIV.12. Опис на други планирани превентивни мерки**

Спречување на загадувањето при секојдневните активности во живинарската фарма е приоритетна цел во заштитата на животната средина. Дополнително, Операторот спроведува мерки за спречување на инциденти и итно реагирање, како и за минимизирање на последиците од нив доколку тие сепак се случат.

Овие мерки компанијата ги спроведува преку примена на мерки за:

- Инциденти или хаварии при секојдневното работење на живинарската фарма;
- Хаварии/ризици од природни и други непогоди;
- Обуки за постапување во случај на непогоди;
- Прва медицинска помош;
- Мерки за евакуација и
- Оградување на границите на инсталацијата.

### XIV.13. Ремедијација, престанок со работа, повторно започнување со работа и грижа по престанок на активностите

Со цел минимизирање на влијанијата врз животната средина во случај на престанок со работа на дел или на целата инсталација, ремедијација и грижа по престанок со работа, неопходно е спроведување на мерки и активности по престанок со работа на живинарската фарма на „Фреш Фарм“. Мерките се однесуваат на целата Инсталација вклучувајќи ги сите објекти кои се во состав на живинарската фарма, опремата, уредите, системите, суровините затекнати во Инсталацијата, горивата и различните видови на отпади кои времено биле одложени во рамките на Инсталацијата.

По донесување на Одлука за престанок со работа на дел од инсталацијата или на целата инсталација, неопходно е да се преземат активности и применат мерки од страна на одговорните лица во согласност со Планот за целосен или делумен престанок со работа, како и со Планот за демонтажа на опремата, кои ќе ги минимизираат влијанијата врз животната средина.

Во случај на делумен престанок со работа, објектите каде е сместена опремата, ќе бидат преадаптирани за друга на намена. Опремата ќе биде отстранета од објектите и со неа ќе се постапува во зависност од нејзината функционалност. Доколку опремата е сеуште функционална, по извршено темелно чистење, ќе биде преместена на друга соодветна локација за таа намена или продадена на заинтересиран клиент. Доколку е надвор од функција, во зависност од материјалот од кој е изработена ќе биде селектирана и продадена како секундарна суровина.

Во случај на целосен престанок со работа, објектите каде е сместена опремата ќе се испразнат и во зависност од функционалноста на опремата истата или ќе се демонтира и продаде за повторна употреба за иста намена или ќе се селектира и ќе се продаде како секундарна суровина. Исто така, сите материјали и суровини кои можат да се искористат, ќе се продадат за соодветната намена. Листата на компании кои ќе можат да ги откупат останатите суровини, материјали и/или готови производи ќе се ажурира редовно. Во предвид ќе се земат компании кои имаат искуство со соодветно постапување со откупени добра и совесно работење.

Планот за целосен или делумен престанок со работа и грижа по затварањето, како и планираните активности и соодветни мерки за заштита вклучени во Планот за демонтажа на опремата, подетално се претставени во Додаток XIII од Барањето за добивање на А ИЕД.